INTERNATIONAL MONETARY FUND

**Поранешна Југословенска Република Македонија:**
**Завршна изјава на Мисијата по Член 4 за 2018 година**

16 ноември 2018 година

> Завршната изјава ги опишува првичните наоди на членовите на Мисијата на ММФ на крајот од официјална посета (или "мисија"), во повеќето случаи за една земја-членка. Мисии се преземаат како дел од редовните (обично годишни) консултации според Член 4 од Статутот на ММФ, во контекст на барање да се користат ресурсите на ММФ (заеми од ММФ), како дел од дискусиите на програмите за набљудување, или како дел од друг мониторинг на економскиот развој.
>
> Властите се согласни со објавување на оваа изјава. Ставовите изразени во оваа изјава се оние на членовите на Мисијата на ММФ и не секогаш ги одразуваат ставовите на Извршниот одбор на ММФ. Врз основа на првичните наоди на оваа мисија, вработените во ММФ ќе подготват извештај што е предмет на одобрување од страна на менаџментот, што ќе биде претставен на Извршниот одбор на ММФ за дискусија и одлучување.

*Враќањето на политичката стабилност и напредокот во решавањето на спорот за името со Грција конкретно ги зголеми шансите за отворање на преговорите за пристапување во Европската Унија (ЕУ) по повеќе од дванаесет години од добивањето на кандидатскиот статус. Структурните реформи за решавање на долгогодишните слабости на пазарот на трудот, судството и јавната администрација се од суштинско значење за да се искористи оваа можност и да се обезбеди посветла иднина преку поголема продуктивност и побрза конвергенција на доходот. Макроекономските политики треба да ја поддржат оваа цел преку обновување на баферите и просторот за политики, како и одржување на финансиската стабилност.*

**Економската активност полека се опоравува по застојот во 2017 година.** Реалниот БДП е проектиран да порасне на 2 отсто во 2018 година, поддржан од силниот извоз и приватната потрошувачка, во услови на подобрување на состојбите на пазарот на трудот и силниот раст на кредитите на населението. Во меѓувреме, доцнењата на големите инфраструктурни проекти, падот на градежните активности и провлекувањето на неизвесностите продолжија да ги одложуваат инвестициите. Севкупните

Washington, D.C. 20431 • Telephone 202-623-7100 • Fax 202-623-6772 • www.imf.org

макроекономски состојби се поволни со ниска базична инфлација, дефицит на тековната сметка во опаѓање и позитивни трендови на девизниот пазар.

**Растот се очекува постепено да се приближува кон 3,5 отсто на среден рок.** Со опоравувањето на инвестициите од долготрајната криза, растот на реалниот БДП е проектиран да достигне 2,8 проценти во 2019 година. Понатамошното зголемување на среден рок се должи на планираните инвестиции во инфраструктурата и посилниот извоз. Ризиците и понатаму се значајни, како што се обновената политичка неизвесност, која би можела да го одложи инвестицискиот скок. Економијата е исто така подложна на прелевања од растечкиот протекционизам во глобалната економија и од затегнување на меѓународните финансиски услови. Од друга страна, пак, решителен притисок за структурни реформи и отворање на преговорите за пристапување во ЕУ би можеле да го зголемат растот преку повисоки приливи на капитал и зголемена доверба.

*Креирање работни места и зајакнување на институциите*

**Неоптималната употреба на работната сила го задржува растот.** И покрај создавањето на голем број работни места во последниве години, како одраз на владините мерки за вработување и проширувањето на инвестициите во извозните зони, официјалната стапка на невработеност останува висока на 21 отсто, каде младите се особено засегнати. Недостатокот на вештини, како одраз на слабиот квалитет на образованието, неразвиеното стручно образование и емиграцијата на работна сила, се с’ржта на високата невработеност, од кои 80 отсто се долгорочни. Во меѓувреме, повеќе од една третина од работоспособното население е неактивно – од кое две третини се жени – дополнително намалувајќи го придонесот на трудот во растот. Значителен неформален сектор ги влошува слабостите на пазарот на трудот, воедно преку значителните трошоци за конкуренцијата, продуктивноста и јавните финансии.

**Потребна е повеќестрана политика за справување со слабостите на пазарот на труд и зголемување на растот на продуктивноста.** На полето на вештините, клучни се подигнувањето на нивото на завршување на средното образование, подигнувањето на квалитетот на наставата и надградување и модернизација на системот за стручно образование. Овие мерки треба да бидат придружени со стратешко и долгорочно планирање на национално ниво за да се обезбеди координација помеѓу релевантните министерства, образовните институции и работодавачите. Активните политики на пазарот на трудот треба да продолжат да ги таргетираат долгорочно невработените, од кои многумина се млади, но со поголем фокус врз градење на вештини и олеснување на транзицијата од образование до вработување преку практиканство и стажирање.

Следењето и евалуацијата на другите стимулативни мерки за вработување треба да се зајакнат. За да се подобри учеството на женската работна сила, властите треба да продолжат со своите планови за проширување на достапните услуги за предучилишно образование и згрижување на деца. Покрај тоа, со застарен попис и висока неформалност, подобрувањето на статистиката е од клучно значење за проценка на условите на пазарот на трудот.

**Реформите за зајакнување на управувањето, владеењето на правото и судскиот систем придонесуваат за подобрување на инвестициската клима и поддршка на поголема конвергенција на доходот.** Неодамнешните и планирани законски измени за подобрување на функционирањето и автономијата на судството се за поздравување. Но, и покрај тоа, потребни се постојани напори што ќе значат пренесување на законодавните реформи во ефективна имплементација и подобрување на јавната перцепција за институционалниот квалитет. Непристрасното судство, јавната администрација базирана на заслуги и силната антикорупциска рамка се централни за тие напори. Овие мерки ќе помогнат да се подобрат инвестициите и растот преку создавање на попредвидливо деловно опкружување и задржување на квалификувани работници, како и отклучување на преговорите за пристапување во ЕУ.

**Намалување на неформалноста треба да биде приоритет.** За ова ќе биде потребно справување со даночното затајување, зајакнување на трудовата инспекцијата и обезбедување фер и предвидливо спроведување на деловните прописи. Додека напорите за намалување на користење готовина можат да помогнат во борбата против неформалноста, треба да се обезбеди внимателен пристап за да се избегнат можните негативни ефекти врз економијата. Понатамошното зголемување на минималната плата треба да го има во предвид растот на продуктивноста на трудот за да се избегне влошување на невработеноста и неформалноста кај младите.

*Обновување на просторот за фискална политика*

**Јавните финансии ослабнаа во изминатата деценија, ограничувајќи го просторот за политиките за спречување шокови.** Повторливите примарни дефицити, поттикнати од намалените даночни приходи и зголемувањето на тековните трошоци, двојно го зголемија јавниот долг во текот на последната деценија. Големите фискални финансиски потреби, вклучувајќи ги и отплатата за надворешниот јавен долг, ја прави ПЈР Македонија ранлива на пазарните услови. Неодамнешните подобрувања во фискалната позиција главно се поттикнати од потфрлање во извршувањето на капиталните и на трошењата за стоките и услугите, со вкупниот фискален дефицит и

јавниот долг кој се предвидува да достигнат 2,6 проценти односно 50,5 проценти од БДП во 2018 година, соодветно.

**Предлог буџетот за 2019 година има јасна намера да одговори на одржливоста на пензиите, промовирање на социјалната еднаквост и поддршка на вработувањето.** Промените во оданочувањето на персоналниот данок ја зголемуваат даночната стапка на доход од капитал и го ребалансираат данокот на труд помеѓу највисоките и најниските сегменти на доход. За да се подобри покриеноста и насочувањето на програмите за социјална помош, буџетот предлага да се консолидираат и заменат постојните бенефиции, вклучувајќи го и отстранувањето на родителски додаток за трето дете, со гарантиран минимален доход за оние кои ги исполнуваат условите, како и социјалната пензиска шема. Предложените пензиски реформи, кои вклучуваат повисоки стапки на придонеси, имајќи корист од реиндексација и мерки за подобрување на еднаквоста помеѓу учесниците во двата столба, ќе го намалат пензискиот дефицит на среден рок. Прелиминарната проценка на мисијата укажува на тоа дека овие мерки, заедно со поддршката за вработување и инвестиции, привремено ќе го зголемат фискалниот дефицит на 3 отсто од БДП во 2019 година, пред да се намали на 2,4 отсто на среден рок. Според основната проекција, јавниот долг ќе го достигне врвот од 54,7 отсто од БДП во 2021 година.

**Поамбициозна консолидација би ги поставила јавните финансии на цврста основа.** Мисијата препорачува постигнување нулта примарна рамнотежа на среден рок за да се стави јавниот долг на јасна надолна траекторија. Доколку целосно се спроведе во предложената форма, реиндексирањето на пензиските бенефиции само врз основа на индексот на цените на трошоци на живот, ќе обезбеди значајни фискални заштеди. Меѓутоа, треба да се земат предвид и понатамошни мерки како што се стегање на условите за предвремено пензионирање и зголемување на старосната пензија за да се обезбеди долгорочна одржливост на пензискиот систем. Покрај тоа, подобрувањето на даночната усогласеност, особено за ДДВ-то и рационализирањето на земјоделските субвенции, се важни не само за зголемување на фискалните приходи, туку и за намалување на неформалноста.

**Неодамнешните реформи за зајакнување на управувањето со јавното финансирање и зголемување на фискалната транспарентност се охрабрувачки и треба да продолжат.** Мерките за зајакнување на рамката за следење на заостанатите обврски во јавниот сектор и предложените измени за поврзување на општинските буџети со остварените приходи се чекори во вистинска насока. За да се зголеми буџетскиот кредибилитет, овие мерки треба да се надополнат со развивање на пресметковни

фискални извештаи, посеопфатно покривање со вклучување на државните претпријатија и објавување на фискалното оптоварување од даночните трошења. Буџетската документација треба да презентира повеќе информации за активностите од сопствените извори на државните претпријатија, плановите за среднорочно трошење на буџетските корисници и проектите за јавни инвестиции.

*Обезбедување монетарна и финансиска стабилност*

**Монетарната политика е соодветно прилагодлива.** Врз основа на умерената економска активност, ниската инфлација и поволните девизни пазари, НБРМ двапати ја намали каматната стапка во 2018 година. Во иднина, доколку се влоши надворешното опкружување, НБРМ треба да биде подготвена да ја заостри монетарната политика, како што беше соодветно направено и во изминатите периоди на турбуленции.

**Банкарскиот систем останува здрав, но ризиците треба внимателно да се следат со оглед на основните структурни слабости.** Банките се добро капитализирани, ликвидни и профитабилни. Учеството на нефункционалните кредити е намалено, вклучително и поради отписите наложени од страна на НБРМ, а кредитните ризици се добро обезбедени. Натамошните напори за постепено зголемување на денаризацијата на депозитите и внимателно калибрирани макропрудентни мерки за намалување на кредитирањето во странска валута на домаќинствата ќе помогнат во зајакнување на флексибилноста на финансискиот систем.

**Важно е понатамошно зајакнување на рамката за финансиска стабилност.** Банкарската супервизија и прописите значително се подобрија во текот на изминатата деценија. Сепак, програмата за детална проценка на финансискиот сектор (FSAP) која во моментот се финализира од страна на ММФ и Светската банка најде основа за понатамошно подобрување, вклучително и преку обезбедување на оперативна независност на НБРМ, зголемување на бројот на вработени и интензивирање на супервизијата за системски значајни банки. Макропрудентната рамка на политиките би имала корист од понатамошното градење на капацитети за системско следење на ризиците и зајакнување на меѓуагенциската координација, додека тековните напори за модернизација на управувањето со кризи и режим за санација на банките треба навремено да бидат комплетирани.

**Напорите за подобрување на ефикасноста на финансискиот сектор и за продлабочување на инклузивноста бараат активности на повеќе фронтови.** Микро, малите и средните претпријатија се соочуваат со бариери поради високите барања за

обезбедување и слабите финансиски сметки и управувањето. Подобрувањата во рамката за несолвентност и доверителските права, во комбинација со поддршка за деловно планирање, ќе помогнат да се ублажат овие ограничувања. Во меѓувреме, воспоставувањето на сеопфатна законска и регулаторна рамка за финансиска заштита на потрошувачите ќе помогне да се зголеми довербата во користењето финансиски услуги.

*Тимот на ММФ ја искажува својата благодарност за соработката, гостопримливоста и искрените разговори со властите.*